Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 90-тата седница одржана на 04.08.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2513/1 од 20.07.2021 година, со наводи за незаконитости во високото образование, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Државниот просветен инспекторат и на Државниот инспекторат за труд.

Предметот со број 12-2513/1 од 20.07.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител кој нема наведено адресни податоци на ден 20.07.2021 година поднесена е пријава со наводи за незаконитости во високото образование и оформен е предмет број 12-2513/1 од 20.07.2021 година.

Во пријавата подносителот опишува повеќе околности кои се однесуваат на различни сегменти од високото образование во Република Северна Македонија, и упатувајќи на непостапување на надлежни органи, изнесува општи наводи за повеќе незаконитости: нетранспарентност на постапките за вработување и избор на професори во наставни звања и незаконски избор на конкретни лица во повеќе високообразовни институции; незаконско стекнување на звање магистер од страна на јавни обвинители; незаконитости во постапката за избор на ректор на Универзитетот ///; вршење на професорска дејност од страна на пензионирано лице; истовремен ангажман на професор на факултет и во средно училиште; незаконитости при исплатата на надомест за ангажман на професори и на асистенти; неисполнување на законскиот број на професори и асистенти од страна на приватните универзитети; незаконска продажба на книги од страна на професори.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека иако состојбата која произлегува од опишаните околности упатува на надлежност на ДКСК за постапување во конкретниот случај, потребата од испитување на конкретните наводи ги надминува расположливите механизми на ДКСК. Имено, постапувањето по конкретните наводи не е предмет на надлежно постапување на ДКСК, туку е предмет на надлежно постапување на други надлежни органи, заради што ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување во

предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Државниот просветен инспекторат и на Државниот инспекторат за труд.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**